Утрински весник, 19.12.2000

# Вообличување на времето

## Кон проектот: Тик Так Ток, Музеј на современа уметност, Скопје

АНА ФРАНГОВСКА



Постои ли нешто поменливо, поминливо, неконтролирачко, а сепак од него многу зависиме - Времето. Честопати овој феномен бил главна точка на истражување кај многу научници и теоретичари низ историјата, но исто така бил и загадочна точка кај уметниците. Во многу правци на уметноста се јавува интересот за презентирање на времето, воглавно апсолвиран преку моментот на движење. Најголемите достигнувања во проблемите на динамизмот на времето или т.н. хронодинамизам, се очигледни во областа на кинетичките скулптури, во кои авторите околу овој проблем се заинтересирале за претставување на нетемпорализација на времето. Тука се поставува прашањето како да се изваја времето? Континуиран дисконтинуитет или дисконтинуиран континуитет, тоа е целта на хронодинамичното дело.

Повторно цел: прикажување на времето, општото или сопственото; Место: Музеј на современа уметност-Скопје; Проект со наслов: **Тик Так Ток**. Овој проект е меѓународна интердисциплинарна соработка на уметници, дизајнери, писатели и философи од Данска, Шкотска и Македонија, во организација на Центарот за современи уметности - Скопје и Универзитетот Dundee's Visual Research Centre. Собир на идеи и истражувања во мултимедија: компјутери, видео, филм, инсталации, фотографии, звук, со предизвик за презентирање на времето, часовникот, нашата зависност од часот, биолошкиот часовник и тн.

Во проектот учествуваат: Ли Кокс, Искра Димитрова, Пол Дигнан, Дејан Спасовиќ, Кевин Хендерсон, Оливер Мусовиќ, Александар Здравковски, Стеван Шашков, Никола Велков и Стив Флек.

Ли Кокс се чини дека учествува со најголем број проекти: Аплаузот/диригент, Одбројување до крајот на земјата и Споменик во 60(работен цртеж на човек кој фрла камења). За мене, најмоќно дело на оваа изложба е токму видео инсталацијата на бесконечна лента **Аплаузот/диригент**. Самиот автор е претставен, мултиплицирано, клонирано и тој гледа во публиката со раширени очи и со аплауз за бесконечноста. Секој негов двојник аплаудира самостојно при што се креира музика - какафонија од звуци. Единственото нешто што се поставува како енигма при набљудувањето на ова дело е дали треба публиката (реципиентите) да аплаудира на оваа музика.

**Часовници и тела** е насловен проектот на Искра Димитрова, која наоѓа поголем интерес во презентирање на биолошкиот или психолошки часовник во видео проекција која се активира при присуство на посетителот и го интензивира неговиот внатрешен часовник. Дигитално обработен, присутен е и ритамот на дишењето кој има исто толку силен ефект како и визуелното восприемање.

Нашата зависност од времето во смисла: да не задоцниме некаде, да го видиме времето при користење на некои работи од секојдевието и слично е основната преокупација на авторот Дејан Спасовиќ во неговото дело **Aproxima-ti(me)on**. Тој извел инсталација, поставувајќи во круг, во форма на часовник постаменти, а на нив, предмети кои ги користиме секојдневно, при што сме зависни од времето.

Опозитноста на земното време кое е мерливо и безвременото време кое е непрекинат тек е присутно во делото **1h OUR** Sat-chit-ananda (постоење-свесност-екстаза) на Стеван Шашков, презентирано преку видео бим на кој е пренесен часовникот на Старата железничка станица-Скопје, сопрен во моментот на земјотресот 1963 и истиот часовник без стрелки.

Фотографската документација на Пол Дигнан е прикажување на уметниковите часовници, на сите временски машини кои тој ги употребува или злоупотребува во неговиот дом.

Моментот во животот - чекање со еквивалент или метафорично поврзување со паузата на видео плеерот на екранот е основна преокупација на авторот Оливер Мусовиќ во делото **Кој чека ќе дочека**. Тој се обидува да го забележи чекањето, за кое луѓето како да се обидуваат да го занемарат времето поминато во него.

Еден од најстарите означувачи на времето е Петелот, кој кукурика во одреден дел на денот. Највообичаено е утринското кукурикање при кое петелот го означува почетокот на денот. Овој звучен проект **Петел** е дело на Никола Велков.

Стив Флак има изработено истражувачки проект со цел да се развие интернет веб сајд кој може да му даде на посматрачот универзално време во денот. Ова е истовремено и забавен начин на времето кое минува низ приказна или документарност со употреба на